**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Катерина Кокина**
**именуван за подрачјето на**

**Скопје 1 и Скопје** 2
**Бул. Св. Климент Охридски бр.52/1-9**
**тел./факс (02)** 3256-010

**И.бр.2366/21**

Извршителот **Катерина Кокина** од **Скопје** врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот **Тихо Трајковски** од Скопје со живеалиште на Бул.Јане Сандански бр.69/1-16, засновано на извршната исправа Пресуда П4-265/19 од 09.12.2020 година на Основен граѓански суд Скопје, против должникот **Димче Стојаноски** од Скопје со живеалиште на ул.29-ти Ноември бр.37/1-3, за спроведување на извршување во вредност 639.570,00 ден., на ден 18.04.2022 година го донесува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРВА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА**
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба со прво усно јавно наддавање на 1/3 идеален дел од недвижноста сосопственост на должникот Димче Стојаноски, евидентирана во Имотен лист 112240, КО Центар 1, КП бр.10701, Адреса (улица и куќен број на зграда) ул. 29 Ноември бр.19, Бр. на зграда/друг објект 1, Намена на зграда/друг објект 1, намена на згр. Преземена при конверзија на податоците од стариот ел. систем А2-1, Влез 2, Кат МК1, број 1А, Намена на посебен/заеднички дел од зграда Ст, Внатрешна површина во м2 76.

**Продажбата ќе се одржи на ден 20.05.2022 година во 14:00 часот во просториите на Извршител Катерина Кокина, Бул.„Св. Климент Охридски" бр.52/1-9, Скопје.**

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со Заклучок за утврдување на вредност на недвижност врз основа на чл.177 од ЗИ И.бр.2366/21 од 07.02.2022 година на извршителот Катерина Кокина и тоа за вредноста на 1/3 (една третина) идеален дел на станбениот објект сосопственост на должникот Димче Стојаноски, кој што е предмет на продажба изнесува **1.609.336,00 денари,** како почетна цена за прва продажба на недвижноста под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености ___________.

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на посебната сметка на извршителот со бр. 200002387764020 која се води кај Стопанска Банка АД Скопје и даночен број МК5080011502026, најдоцна еден ден пред одржување на наддавање. Доказ за уплатената гаранција е извод од посебната сметка на извршителот.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат залишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Катерина Кокина